Уп. бр.08-33

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од А4нХТ ГмбХ, со седиште на Ауто-Јунион-Штрасе 1, 85057 Инголштад, Германија и Луфтханза Индустри Солушнс АС ГмбХ со седиште на Шутценвол 1, 22844 Нордерштедт, Германија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на формирање на гринфилд заедничко вложување од страна на А4нХТ ГмбХ, со седиште на Ауто-Јунион-Штрасе 1, 85057 Инголштад, Германија и Луфтханза Индустри Солушнс АС ГмбХ со седиште на Шутценвол 1, 22844 Нордерштедт, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 28.01.2022 година, а дополнето на 07.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на А4нХТ ГмбХ, со седиште на Ауто-Јунион-Штрасе 1, 85057 Инголштад, Германија, со која А4нХТ ГмбХ, Инголштад, Германија и Луфтханза Индустри Солушнс

АС ГмбХ со седиште на Шутценвол 1, 22844 Нордершедт, Германија, формираат гринфилд заедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**А4нХТ Гмбх** е холдинг друштво и зависно друштво во целосна сопственост на АУДИ, кое од друга страна е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген АГ.

Фолксваген АГ е трговско друштво со чии акции се тргува јавно и е со седиште во Волфсбург, Германија, а кое е владејачко друштво на Фолксваген Групацијата (Volkswagen Group). Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (coaches), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема за сите наведени категории на возила. Фолксваген Групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила.

Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Неодамна, Фолксваген АГ го основаше зависното друштво Моиа (Moia), кое ќе биде активно во развојот и маркетингот на решенија за услуги за мобилност, како што се возила на повик (ride hailing) и споделување на возила (car sharing).

Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG) (во понатамошниот текст: ФСАГ) и неговите зависни друштва. ФСАГ нуди индивидуални услуги за мобилност како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на ФСАГ, Фолксваген Банк ГмбХ (Volkswagen Bank GmbH), Фолксваген Групацијата обезбедува директни банкарски услуги.

Фолксваген групацијата е активна на пазарот за големопродажба и малопродажба на патнички и комерцијални возила и на пазарот на автомобилски лизинг преку следните регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

1. Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;

2. Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

3. Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден,со регистрирано седиште на Улица 34 бр.7, Илинден, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила; и

4. Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.4, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

**Луфтханза Индустри Солушнс АС ГмбХ** е друштво за ИТ услуги и индиректно, зависно друштво во целосна сопственост на Дојче Луфтханза, кое е владејачко (матично) друштво на Луфтханза Групацијата.

Луфтханза Групацијата е германска воздухопловна групација, со активности низ целиот свет и со повеќе од 500 зависни друштва и поврзани лица. Луфтханза Групацијата се состои од повеќе авиокомпании како и од повеќе услуги поврзани со воздухопловство, како што се обезбедување на услуги за храна за време на летот (*in-flight catering*), ОПС (одржување, поправка и сервисирање) на авиони и нивните составни делови, ИТ услуги и програми за лојалност.

Луфтханза Групацијата нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија, но остварува приходи од услуги поврзани со летови (патнички и карго) како и од одржување на авиони.

Заедничкото вложување ќе биде лоцирано во Минхен, Германија и ќе нуди ИТ консултантски услуги и помошни ИТ услуги на трети лица. Називот на заедничкото вложување ќе биде Амплиминд ГмбХ, (Amplimind GmbH). Заедничкото вложување ќе им помага на клиентите да постигнат дигитална трансформација на нивните компании врз основа на иновативни ИТ платформи и инфраструктура која ги користи најновите технолошки решенија. Заедничкото вложување ќе им помогне на трговските друштва да ги дигитализираат и автоматизираат нивните деловни процеси.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**